РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА –

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено барање на мислење, во однос на тоа дали настанува состојба на судир на интереси во случај кога секретарот на училиштето .............................. вработен уште од 2011 година, му е внук од брат на Директорот од истото училиште кој е избран од 13.01.2020 година.

По однос на предметното барање, Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издава следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија утврди дека во конкретниот случај **не постои состојба на судир на интереси,**.

Сепак, Државната комисија за спречување на корупцијата ви укажува дека согласно член 62 од истиот закон **службеното лице не смее да ја користи својата положба вршејќи влијание врз друго лице во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице, за тоа да донесе или не донесе определена одлука, да стори нешто, да пропушти или да трпи, заради остварување корист.** Воедно, согласно член 72 став 2 и 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, **секое службено лице, во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.**

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен. Согласно начелото на интегритет, секој е должен во вршењето на службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

Со почит,

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**